**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**До:** [redacted]

Бр. 03-14

Скопје 14.09.2018г.

**Предмет: Одговор на Претставка**

Почитувана,

Во врска со Вашата Претставка (наш бр. 03-14 од 14.09.2018 година), Ве известуваме дека Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (по претходна претставка) веќе има извошено вонреден надзор на неколку изданија на програмскиот блок „Мода" со [redacted] емитувани во програмскиот појас „Студио 1" на [redacted]

Притоа, констатирано е прекршување на програмското начело за вршење на дејноста од член 61 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги: негување и развој на хуманите и моралните вредности на човекот и заштита на приватноста и достоинството на личноста.

Извештајот од надзорот е достапен на веб-страницата на Агенцијата (Ви го доставуваме во прилог), а радиодифузерот е известен дека треба веднаш да ја усогласи својата работа со Законот.

Вашето прашање се однесува на заштитата на оштетените граѓани од неовластено користење на личните податоци што е во надлежност на Дирекцијата за заштита на личните податоци, поради што Агенцијата ќе ги достави претставките и својот извештај до оваа институција.

Што се однесува до евентуални навреди, оштетените граѓани имаат право да побараат објавување одговор и исправка според Законот за медиуми или да покренат граѓанска постапка пред надлежниот суд според Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета.

Со почит,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Директор**

..........................................

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**


Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Палата Панко Брашнаров
ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.mk
contact@avmu.mk



МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009